ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 20.11.2017 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски – заменуван од Виш соработник за локален економски развој, земјоделие и регионална соработка Валентина Ангеловска, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Градоначалник**

Задолжение до раководителите на сите одделенија за поголема активност, ажурност и внимание во поглед на изготвувањето на годишните програми, примената на неделниот преглед на акти и примената на формуларите за отсуство на вработените.

Задолжение до раководителите на сите одделенија кое што се однесува на сите вработени во Општина Крива Паланка, а во поглед на задолжителното носење на беџови за идентификација на вработените во текот на работно време во самите работни простории.

**Одделение за финансиски прашања**

Дадена е информација во врска со потребата од нов договор за набавка на канцелариски материјал.

Дадена е информација во врска со одредена сума на неискористени финансиски средства од печатницата Европа 92, кои да бидат искористени за набавка на промотивен материјал – Нотеси, календари и слично.

Наметната е дискусија во врска со обврската за исплаќање на личниот доход во случај на вработување на едно лице во ТППЕ Крива Паланка, на кое што прашање одговор би требало да дадат Одделението за правни и општи работи и Одделението за човечки ресурси на наредниот Колегиум.

Дадена е информација во врска со изготвени опомени за плаќање на комунална такса и фирмарина на сите обврзници кои не ја исполниле таквата своја обврска во континуиран подолг временски период, но се нотирани одредени проблеми во поглед на доставата на истите за што е побарано да се изготви план за достава на актите.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Дадена е информација во врска со изготвувањето и докомплетирањето на годишните програми, со тоа што е ставен акцент на Програмата за јавно зеленило и Програмата за јавна чистота, кои се во фаза на изготвување, а кои ќе бидат изготвени во соработка со ЈП Комуналец.

Дадено е задолжение до ова Одделение да се изврши проверка дали Општината има неискористени средства, а кои се наменети за асфалтирање на улици и доколку има, истите да бидат искористени за таа намена.

Дадено е задолжение за формирање на екипа за чистење на селските гробишта (во соработка со ЈП Комуналец).

Дадено е задолжение да се провери постапката и потребната документација, средства, апликации и елаборати за формирање на Катастар на подземна инсталација и истиот да биде вметнат во годишната програма (во соработка со ЈП Комуналец).

Истакната е потребата од поставување на заштитна ограда на мостот во м.в.Крстата падина и дадено е задолжение да се отпочне со планирање на самата активност.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Дадена е информација во врска со утврдување на две локации за две кошаркарски игралишта од мал обем (за баскет) и една локација за поставување на фитнес опрема.

Дадена е информација во врска со идејата за поставување на туристички информативни патокази кон определени населени места и дадено е задолжение да се

разработи целокупната процедура, да се утврдат локации, да се изготви елаборат и да се разгледаат соодветните идејни решенија.

Дадена е информација во врска со потребата од формирање на комисии за урбанизам.

Дадено е задолжение да биде прибавена одлуката од Јавното претпријатие за државни патишта, со која регионалниот пат на потегот Дубје – Каврак е прекатегоризиран од регионален во локален пат.

Дадено е задолжение за утврдување на локации за изградба на автокамп.

Дадена е информација во врска со постоење на проект за инфраструктура за жичарница, со истакнување на потребата од основни проекти за поставување на опрема.

**Одделение за човечки ресурси**

Дадена е информација во врска со постапката за вработување на едно лице во ТППЕ Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со тековни постапки за експропријација и исходот од истите.

Дадена е информација во врска со подготовката на годишни програми од делокругот на ова Одделение.

Дадена е информација во врска со изготвена интерна процедура и дистрибуција на истата до раководителите на сите одделенија.

Дадена е информација во врска со изготвувањето на Програма за волонтерство.

Дадена е информација во врска со изготвувањето на Упатство за работно време, паузи, одмори и отсуства и дистрибуција на истото до сите одделенија.

Дадена е информација во врска со тековни активности околу организирањето на Собири на граѓаните и формирање на месни и урбани заедници.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Дадена е информација во врска со тековни активности околу изготвување на годишните програми.

Дадена е информација во врска со тековните активности на тимот задолжен за организација на Новогодишната програма и дефинирање на истата на претходно одржан состанок.

Дадена е информација во врска со конкурсот за избор на најубаво украсен дом и дуќан и разработка на сите аспекти потребни за успешно организирање и спроведување на истиот,

преку формирање на Комисија, изготвување на Правилник на Комисијата, објавување на јавен повик, како и утврдување на сет на критериуми за оценување на кандидати.

Задолжение за запознавање со процедурата за ISO сертификација, по пат на меѓуопштинска соработка и размена на искуства.

**Одделение за правни и општи работи**

Дадена е информација по повод организацијата на мини коктел по повод пензионирањето на поранешна вработена во Општината, кој да биде одржан на ден 22.11.2017 година во 15:30 часот во салата на ЛУ Градски Музеј.

Дадена е информација во врска со законската постапка за доделување на користење на НВО секторот на просторија и дадено е задолжение за разгледување на можности и изнаоѓање начини за реализација на оваа идеја.

Дадена е информација во врска со давање на користење на Министерството за труд и социјална политика на потребен канцелариски простор и постапката неопходна за реализација на оваа идеја, а врз основа на претходна одлука на Советот на Општина Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со законската рамка во поглед на вработување на едно лице во ТППЕ Крива Паланка.

**Одделение за инспекциски надзор**

Дадена е информација во врска со инспекциски надзор и расчистување на јавни површини и нотирање на релативно високиот процент на успешност во рамки на таквата активност.

Истакнат е проблемот со излевање на канализацијата во с.Моždивњак и побарани се сугестии и начини за решавање на тековниот проблем.

Добиено е задолжение за изготвување на јавно соопштение до месното население во с.Можднвњак за поднесување на барање за приклучок на канализационата мрежа и плаќање на истиот, како едно од потенцијалните решенија на проблемот со излевање на отпадна вода и фекалии и загрозување на животната средина и природата.

Истакната е потребата од изнаоѓање на соодветни локации за депонирање на градежен шут.

**ЈП Комуналец**

Побарано е од Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина да се проучи урбанистичко – планската и друга документација и да се разгледаат можности

за адаптација на зградата на градските гробишта во с.Конопница и нејзина пренамена во градска капела или изградба на нова и прибирање на податоци околу постапката и роковите потребни за реализација на оваа идеја.

Наметната е потребата од проширување на опфатот за собирање на комунален отпад, одржување на јавната чистота и поставување на садови за отпад во руралните средини, со акцент на м.в.Крстата падина и м.в.Мизовски ливади.

Дадена е сугестија произведените бекатон плочи од страна на ЈП Комуналец кои не се искористени досега да бидат употребени за реконструкција на тротоари на одредени споредни улици во урбаното градско подрачје.

Дадено е задолжение за интервенција и решавање на проблемот на одредени локации на кои се поставени садови за комунален отпад, а каде што комуналниот отпад не се фрла во поставените садови, туку надвор од нив.

Дадено е задолжение за зголемување на бројот и персоналниот состав на екипите за поставување на табли со куќни броеви.

Дадено е известување и за други тековни активности, проблеми и потреби.

**ЛУ Градски Музеј**

Дадена е информација во врска со тековните активности по повод програмата за Новогодишната прослава и потенцијалните манифестации во рамките на истата.

Истакната е потребата од решавање на тековните проблеми со затоплувањето во салата во ЛУ Градски Музеј.

Дадена е информација во врска со определени финансиски обврски на ЛУ Градски Музеј по основа на неплатени фактури и неисплатени хонорари врз основа на склучени договори за дело.